Технолошко – технички факултет Велес

Faculty of Technology and Technical Sciences Veles

Улица:„Петре Прличков“ 42, 1400 Велес
Address: "Petre Prličkov" 42, Veles, 1400
E-mail: ttfv@uklo.edu.mk

Факс(Fax): +389 (0)43 211-204
Тел.(Phone): +389 (0)43 211-202
Тел.(Phone): +389 (0)43 211-203

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет Св.Климент Охридски-Битола
Технолошко-технички факултет-Велес
Бр. 03-157/1
10.03 2016 год.
Велес

Ј.О.У. ДОМ ЗА СТАРИ ЛИЦА „КИРО КРСТЕСКИ-ПЛАТНИК“
Бр. 03-225/1
08.03 2016 год.
ПРИЛЕП

# ДОГОВОР ЗА МЕЃУСЕБНА СОРАБОТКА

Склучен на ден 08.03.2016година помеѓу:
**1.Технолошко-технички факултет Велес**, со седиште на ул.„Димитар Влахов“ бб 1400 Велес, претставуван од Деканот проф.д-р Валентина Павлова и
**2.ЈОУ Дом за стари лица „Киро Крстески-Платник“ Прилеп,** со седиште на ул.Нада Ламеска бр.1,Прилеп, претставувано од Директор Ирена Стерјовска Локвенец.

## Член 1

Предмет на овој Договор е уредување на меѓусебната соработка помеѓу Технолошко-технички факултет Велес и ЈОУ Дом за стари лица „Киро Крстески-Платник“ Прилеп, за начинот на изведување на практични вежби, студентска пракса и изработка на дипломски и магистерски работи на студентите од I (прв) и II (втор) циклус студии, а согласно предвидените наставни програми.

## Член 2

Договарачот ЈОУ Дом за стари лица „Киро Крстески-Платник“ Прилеп согласно можностите за потребите на студентите од I (прв) и II (втор) циклус студии на Технолошко-техничкиот факултет Велес, ќе овозможи изведување на практични вежби, студентска пракса и изработка на дипломски и магистерски работи, во нивни соодветни простории, апаратура и други работи кои се неопходни за стручно и квалитетно изведување на споменатите активности на студентите.

## Член 3

Договарачот Технолошко-технички факултет Велес, се обврзува за потребите на своите студенти од I (прв) и II (втор) циклус студии, за изведување на практични вежби, студентска пракса и изработка на дипломски и магистерски работи, навремено да го известува договарачот ЈОУ Дом за стари лица „Киро Крстески-Платник“ Прилеп.

Технолошко – технички факултет Велес

Faculty of Technology and Technical Sciences Veles

Улица:„Петре Прличков“ 42, 1400 Велес
Address: “Petre Prličkov” 42, Veles, 1400
E-mail: ttfv@uklo.edu.mk
Факс(Fax): +389 (0)43 211-204
Тел.(Phone): +389 (0)43 211-202
Тел.(Phone): +389 (0)43 211-203

**Член 4**

Договарачот Технолошко-технички факултет Велес, се обврзува наместо финансиски надомест за дадените услуги, да го објави логото на договарачот ЈОУ Дом за стари лица „Киро Крстески-Платник“ Прилеп на web страната на факултетот.

**Член 5**

Овој Договор за меѓусебна соработка се склучува на неопределено време, со можност било која договорна страна да го раскине со отказен рок од 30 дена.

**Член 6**

Овој Договор за меѓусебна соработка е склучен во 4 (четири) истоветни примероци, од кои по 2 (два) за секоја договорна страна.

**Д о г о в о р н и с т р а н и**

| | |
|---|---|
| **Технолошко-технички факултет Велес** | **ЈОУ Дом за стари лица „Киро Крстески–Платник“Прилеп** |
| **Д е к а н** | **Д и р е к т о р** |
| **Проф.д-рВалентина Павлова** | |